Игор Р.
Студија на случај – Условен отпуст

Осуденото лице, Игор Р., роден на 20.09.1984, издржува затворска казна од 11.04.2017. Казната е со времетраење од 3 години и 9 месеци за 4 случаи на провала со банда и уште 7 месеци за разбојништво. Сѐ уште не е утврдена неговата националност. Во дел од документите има српско, а во друг дел романско државјанство. Има жена и 4 деца. Затворската казна му завршува на 08.08.2021. Датумот на издржани две третини од казната (за двете казни) е 27. 2. 2020. (§ 454b StPO). Вака гласи извештајот на казнено поправната установа:

*Г-дин Р генерално соработува со нас и е тивок затвореник. Доколку има прашање или проблем се обраќа на вработените, и е учтив. Просторијата во која престојува секогаш е уредна и чиста. Внимава и на сопствената уредност и чистота. Г-дин Р нема никакво стручно оспособување пред затворањето и би сакал да се здобие со некакви вештини со помош на агенцијата за вработување. Семејството на осуденото лице живее во Гетинген и г-дин Р има добиено дозвола за работа од Службата за странци. Учествува во курс за помошник во кујна. Веќе завршил курс за чистач на објекти, со добри резултати на практичниот испит. Писмениот испит не можел да го полага поради непознавањето на јазикот. Инструкторите беа многу задоволни од неговата успешност и однесување. Осуденото лице беше префрлено во отворено одделение на 20.08.2019 г. Во порелаксираните услови на отвореното одделение имаше примерно поведение. Секогаш се враќаше на време (согласно договореното) и учество во работилницата во кантината. Го класифицираме како сигурен во исполнувањето на овој тип договори. Тој се надева дека ќе биде работно ангажиран во Гетинген и би сакал да биде ослободен пред Божиќ*

Комисијата на казнено поправната установа пишува:

*Од едната страна осуденото лице е дека е повеќекратен повторник на измами и провали. Изводокот од централната казнена евиденција од 27.6.2018 покажува 10 дела под неговото име. Од другата страна пак ова е лице погодно за условен отпуст, бидејќи досега успешно има завршено неколку пробациски периоди. Исто така, осуденото лице го искористило издржувањето на казната за да се оспособи стручно. Немаше поплаки и очигледно затворањето му остави силен впечаток. Казнено поправната установа го поддржува условното отпуштање на лицето со завршувањето на периодот од издржани две третини од казната.*

Предлогот од затворот беше испратен до надлежното јавно обвинителство и до осуденото лице, на кого му дадена можност да даде коментари по истата. Осуденото лице го стори ова на писмено, со помош на службено лице. Вака гласи неговиот коментар:

*Би сакал да бидам ослободен во средина на декември 2019, бидејќи во ресторанот се работи во 3 смени, а јас немам сопствено возило. Тешко ми е да стасам до работното место навреме користејќи го јавно достапниот превоз од затворот. Во затвор сум од април 2017 г. и би сакал Божиќ да го минам со сопругата и 4те деца на слобода.*

Изјавата на надлежното обвинителство, одговорно за извршување на затворската казна од 3 години и 9 месеци, е следната:

*Не се дава согласност за условен отпуст бидејќи сметаме дека лицето претставува опасност по безбедноста на општата јавност. Осуденото лице е повеќекратен повторник, со претходно отповикани пробациски казни и има извршено неколку провали во домови, што предизвикува сериозно оштетување на сопственост.*

Изјавата добиена од друго јавно обвинителство за казната затвор од 7 години што лицето паралелно ја отслужува, е следната:
*Побарано е да лицето да биде условно отпуштено по изминување на рокот од две третини и да премине под пробација (пробациски период 3 г.).*

Судот определи датум на сослушување на 10.12.2019 во 9:30. Не беше добиено експертско мислење (§ 454 StPO, § 66 StGB).